Број 3 Година XII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Заклучок за усвојување на извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2016 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2016 година, донесен на шеесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 март 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1747/1**
**Датум: 06.03.2017 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на шеесет и третата седница, одржана на 03 март 2017 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2016 година**

1. Се усвојува Извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2016 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Полициската станица од општа надлежност Карпош.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-1484/5**
**Датум: 03.03.2017 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2017 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2017 година, донесена на шеесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 март 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1747/2**
**Датум: 06.03.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 ), Советот на Општина Карпош, на шеесет и третата седница, одржана на 03 март 2017 година, донесе

**Програма**
**за изменување и дополнување на Програмата**
**за урбанистичко планирање за 2017 година**

I. Во Програмата за урбанистичко планирање за 2017 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр.14/2016) во главата IV. **ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА БЛОК, СОГЛАСНО УСВОЕНИ РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА ГРАДСКАЧЕТВРТ,** по точка 12 се додава нова точка која гласи:

„13.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03 БЛОК 06, ОПШТИНА ЧАИР, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

По изменувањето и дополнувањето на Програмата за урбанистичко планирање за 2017 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр.14/2016), главата IV. **ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА БЛОК, СОГЛАСНО УСВОЕНИ РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА ГРАДСКАЧЕТВРТ** гласи:

1. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

2. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 04, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

3. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 09, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

4. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 06, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

5. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК 11, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ

6. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01- БЛОК 10, ОПШТИН КАРПОШ, СКОПЈЕ

7. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 5, Општина Карпош, Скопје"

8. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 4, Општина Карпош, Скопје"

9. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26, БЛОК 01 , Општина Карпош, Скопје"

10. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26, БЛОК 03 , Општина Карпош, Скопје"

11. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 03 - БЛОК 2, Општина Карпош, Скопје“

12. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ З 07 - БЛОК 3, Општина Карпош, Скопје“.

13. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03 БЛОК 06, ОПШТИНА ЧАИР, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

II. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-1484/6**
**Датум: 03.03.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош - Скопје, донесена на шеесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 март 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1747/3**
**Датум: 06.03.2017 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Советот на Општина Карпош, на шеесет и третата седница, одржана на 03 март 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош - Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- **Од југ** по осовината на ул. Скупи-20 и ул. Скупи;
- **Од исток** по осовина на "Бардовци-пат-Скопје"
- **Од север** ги сече КП 297, КП 296/3, КП 293, КП 642, КП 641, КП 640/3, КП 640/2, КП 640/1, река Лепенец, КП 625, КП 626, КП 633, КП 628/3, КП 632, КП 632, КП 628/2, КП 628/1, КП 258, КП 614/2, КП 614/1, КП 613/3, КП 613/2, КП 526/1, КП 527;
- **На северо-запад** ги сече КП 528/2, КП 528/5, осовина на улица Скупи-14, Улица С9 и ул.Скупи-22.

Површината на урбаниот опфат изнесува П= 38.69 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи, домување во станбени згради, групно домување, здравство и социјална заштита, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, парковско зеленило, заштитно зеленило, комунална инфраструктура, комунална супраструктура.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1– домување во станбени куќи
- А2– домување во станбени згради

- А3 - групно домување
- В2- здравство и социјална заштита
- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија
- Г3-сервиси
- Д1 – парковско зеленило
- Д2 – заштитно зеленило
- Е1 - комунална инфраструктура
- Е2 – комунална супраструктура

Со планот се одредени
- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,
-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош.

**Број: 09-1484/7**
**Датум: 03.03.2017 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Тедосије Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош - Скопје

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Тедосије Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош - Скопје, донесена на шеесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 март 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1747/4**
**Датум: 06.03.2017 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16"), Советот на Општина Карпош, на шеесет и трета седница одржана на 03 март 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Тедосије Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Тедосије Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош - Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- **од север:** по осовина на бул. “Партизански одреди“;
- **од исток:** по осовина на ул. “Франклин Рузвелт“;
- **од југ :** по осовина на бул. “Митрополит Тедосије Гологанов“;
- **од запад:** по осовина на бул. “8-ми Септември“.

Површината на урбаниот опфат изнесува П= 43,98 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи, домување во станбени згради, групно домување, големи трговски единици, хотелски комплекси, образование и наука, здравство и социјална заштита, државни институции, парковско зеленило, спорт и рекреација, комунална инфраструктура, комунална супраструктура.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1– домување во станбени куќи
- А2– домување во станбени згради
- А3 - групно домување
- Б2- големи трговски единици
- Б5 - хотелски комплекси
- В1-образование и наука
- В2- здравство и социјална заштита
- В4-државни институции
- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија
- Д1 – парковско зеленило
- Д3 –спорт и рекреација
- Е1 - комунална инфраструктура
- Е2 – комунална супраструктура

Со планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,
-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош

Број: 09-1484/8
Датум: 03.03.2017 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
м-р Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје заради изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство**

1. Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје заради изработка на заштитно- конзерваторски основи за културно наследство, донесена на шеесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 март 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1747/5**
**Датум: 06.03.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002), а во врска со член 4 и член 30 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79./09), Советот на Општина Карпош на шеесет и третата седница, одржана на 03 март 2017 година, донесе

## ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје заради изработка на заштитно- конзерваторски основи за културно наследство

### Член 1

Во Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје заради изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство бр.08-3607/9 од 18.05.2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.8/2015), во член 2, став 2, бројката „2015“ се заменува со бројката „2017“.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да случи Анекс на Договор бр.03-4632/1 од 16.06.2015 година со Град Скопје за финансиско учество за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош.“

**Број: 09-1484/9**
**Датум: 03.03.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за усвојување на извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош, за 2016 година, со Решение за објава,
2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2017 година, со Решение за објава,
3. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објава,
4. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 09, помеѓу бул.Партизански одреди, ул.Франклин Рузвелт, бул.Македонија и бул.8ми Септември, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објава и
5. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје заради изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство, со Решение за објава.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**